

Slow Food®
Macedonia

ДЕЛОВНИК ЗА РАБОТА на Собрание на конвивиум

www.slowfood.mk



Издавач: **Slow Food Macedonia © 2019**
Издание: **01**
Датум: **30.06 2019 година**

Дизајн и графичко уредување: **Горан Трсунов**
Фото кредит © **Иво Данчев / Slow Food Macedonia**

ДЕЛОВНИК ЗА РАБОТА
на Собрание на конвивиум

Врз основа на членот 9 од Статутот на Конвивиум на Слоу Фуд, Националниот совет на Слоу Фуд Македонија на седницата одржана на ден 30.06 2019 година го донесе следниот:

ДЕЛОВНИК ЗА РАБОТА НА СОБРАНИЕ НА КОНВИВИУМ НА СЛОУ ФУД

Член 1

Овој деловник ја регулира работата на Собрание на конвивиум на Слоу Фуд:

- Свикување на Собрание на членови;
- Предлагање и избор на работно претседателство на Собранието;
- Начин на донесување одлуки;
- Избор на Лидер на конвивиум и членови на Управен одбор на конвивиум.

Член 2

Собранието е орган за креирање политики и програми на конвивиумот и ги определува насоките за делување (член 9 од Статут на конвивиум). Собранието го сочинуваат сите членови на конвивиумот кои платиле членарина за тековната година.

Собранието ги извршува следните задачи:

- законито работење на конвивиумот и во согласност со статутите и правилниците за работа на конвивиумот, националната и меѓународната организација Слоу Фуд;
- предлага измени и дополнувања на Статутот на конвивиумот, до Националниот совет;
- назначува и разрешување на членови на Управниот одбор на конвивимот;
- избира и разрешува лидер на конвивиумот;
- избира делегати кои присуствуваа на националниот конгрес;
- одобрува Годишна програма со активности, извештај со активности и финансиски извештај.
- Носи одлука за престанок со работа.

Член 3

Собранието се свикува најмалку еднаш годишно, најкасно до 31 март во тековната година, на предлог и покана на Управниот одбор на конививумот испратена во писмена или електронска форма, со најава од најмалку 7 дена, со вклучен дневен ред, место, датум и време на состанокот.

Собранието може да се свика и во вонредна форма, со образложено барање од најмалку една половина од членовите за конвивиуми кои имаат до 20 члена или една третина за конвивиуми кои имаат повеќе од 20 члена.
Собрание може да биде свикано и од страна на Националниот одбор.
Собранието може да се одржи во седиштето на конвивиумот.

Ако Лидерот на конвивиумот во рок од 14 дена од денот на барањето за свикување на вонредно собрание, собранието го свикуваат и водат членовите на Управниот одбор на конвивиумот или иницијаторите.

Член 4

Собранието работи по дневен ред подготвен од Управниот одбор на конвивиумот.
Работата на Собранието започнува со избор на Работно претседателство.
Работното претседателство го сочинуваат Претседател на Собранието, записничар, оверувач на записникот и двајца членови.
Членовите на Работното претседателство ги предлагаат и избираат членовите на Собранието.
Предлог за членови на работното претседателство може да даде и актуелниот Управен одбор на конвивиумот.
За Претседател на Собранието, записничар, оверувач на записникот мора да бидат предложени од активните членови на конвиивумот.

Член 5

Претседателот на Собранието ја води седницата на Собранието и го става дневниот ред на усвојување од страна на членовите на Собранието.
По секоја точка од дневниот ред Претседателот на Работното претседателство на Собранието отвора општа расправа. Во општата расправа Претседателот на Собранието е должен да даде збор на сите заинтересирани членови на Собранието.
По завршувањето на општата расправа сите предлози предложени од членовите на Собранието се стават на гласање.
Доколку се изнесени повеќе предлози за одделни прашања по точки од дневниот ред на гласање прво се стават предлозите кои се доставени во писмена форма, а потоа се гласа по предлозите кои се изнесени усно. Редоследот по кој се гласаат писмените предлози е во согласност со датумот на нивното пристигнување и заверување во архивата на конвивиумот. Гласањето по предлозите кои се изнесени усно се одвива по истиот редослед по кој биле предложени на седницата на Собранието.

Член 6

Собранието е валидно, без оглед на бројот на присутните членови и во одлучувањето учествуваат мнозинство од присутните членови.
Сите членови исто така имаат право да гласаат по принципот на гласање еден член, еден глас. Гласањето ќе биде јавно или тајното гласање по барање на мнозинството од членови на Собранието.

Собранието ги донесува одлуките со просто мнозинство, освен во случај на донесување на одлука за престанок на работа на конвивиумот, со мнозинство од 2/3 (две третини) од вкупниот број на членови;

Член 7

Предлогот за Лидер на конвиивумот и членови на Управниот одбор ги даваат членовите на Собранието. Предлози може да даде и актуелниот Лидер и Управен одбор на конвивиумот. Изборот на Лидер на конвивиумот и членови на Управниот одбор се врши за секој член поединечно.

Член 8

На седница на Собранието на конвивиумот се избира само Лидер на конвивиумот и членови на Управниот одбор на конвивиумот. Изборот на заменик-лидер, секретар и благајник се врши на првиот состанок на Управниот одбор.

Доколку се јават повеќе од двајца кандидати, гласањето се врши во два круга. Во вториот круг на гласање се предлагаат двајца кандидати кои собрале најмногу гласови во првиот круг.

Лидерот се избира доколку за кандидатот гласаат повеќе од половината членови кои се присутни на седницата на Собранието.

Членовите на Управниот одбор се избираат поединечно.

Член 9

Записничарот го подготвува записникот најдоцна два дена по одржувањето на седницата на Собранието.

Оверувачот на Записникот го прегледува и оверува Записникот најдоцна седум дена по одржувањето на седницата на Собранието.

Записникот од седницата на Собранието треба да биде доставен на членовите на конивиумот и до Националниот одбор на „Слоу Фуд Македонија“, најдоцна 14 дена по одржувањето на седницата. Записникот се објавува во информативните гласила на конвивиумот или на web-страната на конвивиумот.

Член 10

Предлозите за измени и дополнувања на Статутот на конвивиум, како и на сите правилници и деловници за работа на Собранието и Управниот одбор, ги донесува Собранието на конвивиумот, кои понатаму се доставуваат до Националниот совет на Слоу Фуд Македонија на разгледување и усвојување.

Член 11

Толкување на одредбите од деловникот има Националниот совет на „Слоу Фуд Македонија“. Измените и дополнувањето на Деловникот се донесуваат единствено од страна на Националниот совет на „Слоу Фуд Македонија“ по предлог на Лидерот на конвивиумот, поткрепен со записникот од Собранието на членови на конивиумот.

Овој Деловникот е донесен на седницата на Националниот совет на „Слоу Фуд Македонија“ одржана на 30.06 2019 година.

